

***До 1959 година, Грција преземала екстремни мерки да ги затвори своите граници со Албанија, Југославија и Бугарија. Оние Албанци од Епир на кои им се верувало, биле донесени во Македонија и "посеани" во сите села покрај границата да дејствуваат како очи и уши за Грците. Грчките власти станале построги кон остатокот од населението и никому не му било дозволено да патува без дозвола.***

На сила стапиле стриктни правила на однесување, вклучувајќи и полициски час. Секој што ќе биде фатен како шета надвор по зајдисонце  бил застрелуван на лице место. Многу овчари ја напуштиле својата работа од страв да не бидат убиени и ги оставале своите овци да живеат беспомошно.

Едно мало момченце имало караница со својот очув и побегнало. Властите воопшто немале никаква сомилост и не дозволувале семејството да го бара. Мајката и сестрата сепак излегле да го бараат и го вратиле дома безбедно, ставајќи ги на голем ризик

своите животи.

Кога насилството во Грција опаднало, родителите и роднините почнале да се распрашуваат за репатријација на децата. На оние кои покажале извесна лојалност кон грчката кауза, им било речено дека на нивните деца ќе им биде дозволено да се вратат ако за тоа даде декрет грчката кралица Фредерика.

За жал, за овој пороцес биле потребни врски со локалните грчки власти и многу пари, пари кои повеќето Македонци ги немале. Оние кои биле земени предвид за репатријација морале да исполнат бројни услови, вклучувајќи ја и спремноста да прифатат перманентна хеленизација. Децата од партизанските семејства автоматски биле дисквалификувани.

Оние кои не биле волни да ги променат своите имиња или кои не биле земени предвид од некоја причина, исто така, биле дисквалификувани. Како што поминувале годините, на се помал број деца им било дозволено да се вратат, и барањата за репатријација продолжиле да бидат игнорирани. Родителите и роднините умирале, а сепак на нивните деца не им било дозволено да се вратат, дури ниту само за да ги посетат.







**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**